Машински факултет
Бр.02-2915/4
29.10.2009 год.
Скопје

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на лен 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 29.10.2009 година, на предлог од Институтот за механика, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

за изменување дополнување на Листата на предмети за
втор циклус на студии на Институтот за механика

I

Во листата на предмети за втор циклус (постдипломски) двегодишни вонредни студии на Институтот за механика во делот на предметни наставници се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во наставниот предмет под реден број 2: "Динамика на шински возила", се брише проф. д-р Анание Илиевски и се определува вон. проф. д-р Златко Петрески.
2. Во наставните предмети под реден број 3,4,5,13,14 и 25: "Случајни процеси", "Нелинеарна механика", "Еластичност и пластичност", "Теорија на стабилност" "Вибрации во машинство" и "Експериментални истражувања во механиката, мерење и мерни методи", се брише проф. д-р Анание Илиевски.
3. Во наставниот предмет под реден број 24: "Виброакустична активност и урамнотежување на машини и прибори" се брише проф. д-р Анание Илиевски а се додаваат проф. д-р Иван Мицкоски, вон. проф. д-р Златко Петрески и проф. д-р Даме Коруноски.
4. Во наставниот предмет под реден број 29: "Виброакустична дијагностика" се брише проф. д-р Анание Илиевски и се определува проф. д-р Даме Коруноски.

II

Дополнетата Листа на предмети е составен дел на Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на студиската програма за последипломски студии (PART-TIME) на Машински факултет во Скопје број 02-1332/3 од 26.05.2005 година.

III

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од учебната 2009/10 година.

Одлуката да се достави до: продекан за МСНР, раководител на Институт за механика, студентска служба, општа служба и архивата на Машинскиот факултет во Скопје.

Д е к а н

Проф. д-р Атанас Кочов